РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-4481/7
17-12-2021 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на чл. 22 и чл. 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), а согласно со чл. 40 ст. 3 и чл. 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава добиена од познат подносител, на 57-та седница одржана на 17.12.2021 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапувањето по пријавата со број 12-3950/1 од 20.08.2019 година, **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека предметот нема елементи за натамошно постапување.

Предметот со архивски број 12-3950 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата со образложението во деперсонализирана форма, да се објави на нејзината веб страница во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-3950/1 од 20.08.2019 година во Државната комисија за спречување на корупцијата (во понатамошниот текст: ДКСК) е оформен врз основа на добиена пријава од /// (во понатамошниот текст: подносителот).

Во пријавата се изнеени наводи кои се однесуваат на сомнежи за противправно користење на дел од просторот на детското одморалиште ///. Наведено е дека од страна на /// до ///, била поднесена поднесена тужба за иселување против ///, по основ на погоре опишаните наводи. Пријавата на подносителот е надополнета на 10.03.2020 година. Од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности. Во прилог на пријавата доставен е еден доказ.

Со цел остварување на своите законски надлежности, за овој конкретен случај, ДКСК побара податоци, информации и документација од Министерството за труд и

социјална политика на Република Северна Македонија и по извршената анализа на доставените докази од негова страна, ДКСК побара дополнителни податоци и информации од страна на Универзитетот "Св. Климент Охридски" во Битола, /// и ///. Истите исто така доследно постапија по барањето на ДКСК и доставија се' што беше побарано од нивна страна.

ДКСК откако оцени дека располага со доволно докази по однос на наводите во пријавата, пристапи кон утврдување на состојбите за овој конкретен случај, со цел остварување на своите законски надлежности, па по цена на секој одделен доказ, како и на сите докази во целина и по извршената единечна и вкрстена анализа на сите факти во предметот, констатира дека во конкретниот случај, /// со пресуда, кој била донесена по повод поднесена тужба од ///, а по иницијатива на ///, ги задолжил бесправно вселените, да го испразнат просторот во /// и да го вратат во владение на Република Северна Македонија. Оваа пресуда била потврдена од страна на ///, со што парничната постапка правосилно завршила, па по преземање извршни дејства од страна на извршителот ///, именувана за подрачјето на ///, просторот бил испразнет и вратен во владение на Република Северна Македонија. Дел од просторот на /// останал да се користи од страна на Правниот факултет при Универзитетот Св. Климент Охридски во Битола, со оглед дека истиот бил отстапен за таа намена од страна на Министерството за образование на наука на Република Северна Македонија.

На вака утврденото, ДКСК оцени дека наводите во пријавата останале беспредметни, за што одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Доставено до:
- Подносителот

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Изработил: м-р Д. Д.